Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 мај 2020 година донесе:

# У Р Е Д Б А

## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

### Член 1

(1) Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16, 190/16 и 193/17), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) За рокот за исполнување на обврската за посета на обуката за континуирано професионално усовршување за сметководител односно овластен сметководител, за време на траењето на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

### Член 2

(1) Рокот за исполнување на обврската за посета на обуката за континуирано професионално усовршување од 60 часа за сметководител за период од три години односно 90 часа за овластен сметководител за период од три години, започната во 2017 година, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува 200 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

(2) Обврската за посета на обуката за континуирано професионално усовршување од најмалку 10 часа во текот на една година за сметководител, односно од најмалку 20 часа за овластен сметководител, нема да се однесува за сметководителите односно овластените

сметководители кои обуката за континуирано професионално усовршување ја започнале во 2018 и 2019 година.

(3) Доколку сметководителот, односно овластениот сметководител од ставот (1) на овој член, до 31.12.2019 година посетил повеќе од 60 односно 90 часови обука за континуирано професионално усовршување, тие часови му се признаваат во следниот тригодишен циклус.

**Член 3**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-4708/1
29 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, с.р.